РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 03-7876/1
30-10-2024 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.02/05), како и член 71 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр.5/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) а во врска со член 7 став 1 од Законот за јавна внатрешна финасиска контрола („Службен весник на РМ“ бр.90/09, 188/13 и 192/15), Градоначалникот на Општина Струмица донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, одговорноста за наменско користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во Општина Струмица.

**Член 2**

Средствата за репрезентација можат да се користат за намените утврдени со овој Правилник.

Средствата за репрезентација треба да се користат наменски и рационално.

## II ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

**Член 3**

Средствата за репрезентација се обезбедуваат од средствата од Буџетот.

Трошоците за репрезентација се обезбедени од Буџетот во рамките на категоријата стоки и услуги (потставка 426210 - Расходи за репрезентација).

**Член 4**

Средствата за репрезентација може да се користат во следните случаи:

-При посета на претставници на државните институции во Република Северна Македонија, како и преставници на општините во Република Северна Македонија;

-При посета на претставници на верски, невладини и спортски организации и здруженија на граѓани;

-При посета на претставници на странски општини, збратимени општини како и други странски институции на локално ниво со кои Општина Струмица започнува, развива и одржува соработка;

-При посета на претставници на странски делегации и уреди на странски земји, меѓународни организации и други, претставници на странски амбасади или мисии во Република Северна Македонија;

-При посета на странски експерти ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;

-Одржување на работни состаноци што ги свикува општина Струмица, а се присутни и преставници надвор од општината (инвеститори, комитенти на општината, конференции за печат, работни состаноци на кои се присутни преставници од други државни органи, даватели или корисници на податоци, работа на проекти и слично);

-При работна посета во странски држави за кои што е издаден патен налог

-При организирана посета на Единици на локална самоуправа, како и при посета на одредени културни манифестации надвор од Општина Струмица за средби со комитенти, инвеститори, бизнисмени и други.

-Други случаи за потребите на Општина Струмица (по повод јубилеи, годишнини, празници и друго).

## III ВИДОВИ РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

**Член 5**

Средствата за репрезентација можат да се користат за:

Послужување безалкохолни пијалоци;

Послужување алкохолни пијалоци;

Службен ручек, вечера, закуска и слично;

Подароци за посебни прилики, како сувенири, марами, вратоврски, нотеси, канцелариски прибор (пенкала), календари и друг репрезентативен материјал.

Средствата за репрезентацијата можат да се користат 7 дена во неделата.

## IV ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

**Член 6**

Право на користење на репрезентацијата во согласност со овој правилник имаат:

-Градоначалникот на Општина Струмица;

-Раководителите на одделенија во Општина Струмица;

-Претседателот на Совет на Општина Струмица и

-Други лица овластени од Градоначалникот.

**Член 7**

За користење на репрезентацијата од член 5 од страна на лицата наведени во член 6 точка 2,3,4 и 5 од овој Правилник, согласност дава Градоначалникот на Општина Струмица или лицето кое тој ќе го овласти.

**Член 8**

Плаќањето на трошоците за користење на средствата се врши преку фактура.

**Член 9**

Одделението за финансиски прашања, води сметка дали трошењето на средствата е во рамките на обезбедените средства со Буџетот и доколку се јават поголеми трошоци од планираните, писмено го известува Градоначалникот на Општина Струмица.

**Член 10**

Во случај на користење на репрезентација надвор од одредбите и случаите од овој Правилник, лицето кое ја направило нарачката должно да ги надомести трошоците на сопствена сметка.

## V ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

За сѐ што не е предвидено со овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави во Службен гласник на Општина Струмица.

изработил:Александар Муканов

Датум:25.10.2024

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА СТРУМИЦА